# Newsletter 005:

## Влијание на транспарентноста на платите во клучните сектори

### АНАЛИЗА НА ЈАЗОТ ВО ПЛАТИТЕ ВО ТЕХНОЛОШКИОТ СЕКТОР, ЗДРАВСТВОТО И ОБРАЗОВАНИЕТО

Родовиот јаз во платите не влијае подеднакво врз сите сектори. Некои од секторите, како што се технолошкиот сектор, здравството и образованието, претставуваат посебни предизвици во имплементација на Директивата за транспарентност на платите. Во овој билтен анализираме како регулативата може да влијае врз овие области и кои од мерките можат да бидат преземени за да се намали јазот во платите.



### ТЕХНИЧКИ СЕКТОР: УРНУВАЊЕ НА ИСТОРИСКИ БАРИЕРИ

Во технолошкиот сектор традиционално доминирале мажите, што довело до изразени нееднаквости во платите.

- Предизвици: Помала застапеност на жените на технички и раководни позиции, недостиг на транспарентност во критериумите за плати.
- Решенија: Имплементација на задолжителни ревизии на плати, промоција на менторски програми за жени и јакнење на STEM образованието (образование од област на математика, инженерство, технологија и наука) од најрана возраст.

**Здравствен сектор: Еднаквост во претежно женско опкружување**

Иако жените сочинуваат мнозинство од работниците во здравството, јазот во платите сè уште постои, особено на раководните позиции и кај високо-платените медицински специјалности.

- Предизвици: Недостиг на пристапот до раководни позиции, нееднаквост во финансиските поттици и бонуси.
- Решенија: Транспарентност во платните разреди, активно унапредување на жените на раководни позиции и ревизија на критериумите за доделување бонуси.

Co-funded by the European Union

# СЕКТОР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ: ВРЕДНУВАЊЕ НА НАСТАВНИОТ РЕД

Секторот за образование, каде што жените сочинуваат мнозинство, се соочува со предизвици кои што се однесуваат на финансиското вреднување на наставниот ред и недостигот на транспарентност при унапредувањата и додатоците на плата.

- Предизвици: Разлики во платите помеѓу образовните нивоа, нееднаквост во пристапот до раководни позиции.
- Решенија: Периодична евалуација на еднаквоста во платите, обезбедување на јасни и транспарентни процеси кога се работи за унапредување на врботените.

**Улога на проектот Mind The GAP во трансформацијата на платите**

Проектот Mind The GAP ги поддржува најзасегнатите сектори преку:

- Секторско следење за да се идентификуваат одредени нееднаквости;
- Советување на синдикатите и компаниите за добри практики;
- Промоција на политиките за транспарентност и еднаквост прилагодени на секој сектор.

Ефикасната имплементација на Директивата за транспарентност на платите може значително да влијае врз овие клучни сектори. Во наредниот билтен, ќе го истражиме влијанието на јазот во платите врз стопанскиот и деловниот раст.

## Продолжиме заедно да работиме на праведен и правичен надоместок!

Co-funded by the European Union

*“Финансира Европска унија. Изнесените ставови се мислење на самиот(ите) автор и не ги одразуваат нужно ставовите на Европска унија или Европска комисија. За нив не може да се смета дека се одговорни ниту Европска унија ниту органот што ги доделува средствата.”*